| | |
|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **Republika e Maqedonisë së Veriut** |
| **ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ** | **GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP** |
| **СУ-04-235/20** | **AGJ-04-235/20** |
| **14.12.2020 година** | **viti 14.12.2020** |
| **С к о п ј е** | **Sh k u p** |

Врз основа на чл. 88 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр. /2006, /2008, 150/10, 83/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ" бр.96/19) и чл. 5 и 14 од Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 59/15 од 26.06.2015 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 88/15 од 01.12.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 52/15 од 26.07.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 8/18 од 17.01.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II–Скопје 02. Су.бр. 9/19 од 06.02.2020 година,Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 14.12.2020 година, донесе :

# О Д Л У К А

## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ИНТЕРНИОТ ОГЛАС 1/2020 ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДЕН СУДСКИ СЛУЖБЕНИК НА РАБОТНОТО МЕСТО РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА, КАТЕГОРИЈА Б, НИВО Б-4

Интерниот оглас 1/2020 за унапредување на еден судски службеник на работното место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б-4 , објавен на ден 11.12.2020 година**, СЕ ПОНИШТУВА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје на ден 11.12.2020 година објави Интерен оглас 1/2020 за унапредување на еден судски службеник на работното место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б-4. Во огласот се наведени условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за ова работно место.

На ден 11.12.2020 година, Судскиот администратор достави Известување СУ-07-809/20 од 11.12.2020 година.

Согласно со означеното Известување, во објавениот оглас, еден од условите за унапредување на судскиот службеник на работното место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б-4, е најмалку 4 години работно искуство во струката. Меѓутоа, согласно со чл. 10 и чл. 54 од Правилникот за изменување на правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II- Скопје СУ-02-9/19 од 06.02.2019 година, со кои се вршат измени на чл. 5 и 14 во Правилникот за систематизација што се однесуваат на конкретното работно место, како работно искуство предвидено е најмалку 4 години работно искуство во струката по положен правосуден испит.

Согласно со Правилникот за систематизација на работните места во судот во член 5, во Табеларниот приказ на категориите, нивоата и звањата на работните места, во делот II, „ КАТЕГОРИЈА Б“ РАКОВОДНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ, точка 7 и во чл. 14, предвидени се и посебните услови за ова работно место, и тоа: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, факултет од областа на информатиката или друг факултет од соодветна област;најмалку четири години работно искуство во струката по положен правосуден испит; активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски или германски).

Имајќи ги во вид означените одредби, по објавениот Интерен оглас 1/2020 за унапредување на еден судски службеник на работното место Раководител на одделение за информатика, категорија Б, ниво Б-4, не може да се постапува, со оглед дека е спротивен на одредбите од Правилникот за систематизација на работните места во судот.

Со оглед на наведеното, во конкретниот случај се работи за недостатоци кои што не можат да бидат отстранети, поради што следуваше Претседателот на судот да одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ILIR SULEJMANI**